РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 62-та седница одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по пријавата со број 12-1778/1 од 04.05.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за натамошно постапување бидејќи по наводите од пријавата постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1778 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1778/1 од 04.05.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот бара да се преиспитаат наводите кои биле изнесени во јавноста, а кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања во постапка по спроведена јавна набавка за противпожарна автомеханичка скала. Во прилог на пријавата доставени се фотокопии од документацијата за горе наведената јавна набавка. Од Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

На барање на ДКСК од Град Скопје беа доставени дополнителни докази, а ДКСК во рамките на своите законски надлежности се обрати до Царинската управа со цел обезбедување докази за конкретниот случај. Царинската управа доследно постапи по барањето на ДКСК.

Во текот на постапката, до ДКСК пристигна барање од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое извести дека во конкретниот случај се преземаат предистражни дејства од негова страна и во таа насока од ДКСК побара дополнителна документација, а на што ДКСК доследно постапи.

Имајќи предвид дека по наводите од пријавата постапува друг надлежен орган, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување од нејзината

страна, заради што одлучи постапката за конкретниот случај да ја запре, на начин како во диспозитивот во оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**